Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПРИРОДА И НАСТАВАТА ПО ОПШТЕСТВО“ ОД ПРОФ. Д-Р КИРИЛ ЦАЦКОВ И Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од 10.7.2012 година, избран сум за рецензент на ракописот „***Методика на наставата по природа и наставата по општество***“ од авторите **проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска.**

По опстојното повеќенеделно систематско разгледување и анализирање на ракописот, имам чест и слободен сум на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки - Штип да му ја поднесам следнава:

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

Ракописот „**Методика на наставата по природа и наставата по општество**“ од почитуваните колеги проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска се состои од 217 страници, од кои 200 страници отчукан текст на компјутер (во проред 1), шест страници содржина, една страница вовед, три страници користена литература и седум страници прилози. Со цел полесно да се доближат и разјаснат содржините до студентите, во ракописот се сместени 22 шеми, 10 графикони, 15 табели и 14 слики.

Ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ е усогласен со Наставниот план и наставната програма, при што се застапени сите воспитно-образовни содржини. Наставните содржини во ракописот се во функција на соодветните наставни предмети Природа и Општество, потоа на семестарот за кој е наменет, предвидениот неделен фонд на часови и друго.

На сите теми и поттеми во ракописот за учебник им е посветен потребниот простор што им припаѓа и го заслужуваат според методско-дидактичките и педагошко-психолошките барања и во истите, аналитички и исцрпно, се разработени содржините во нив, тргнувајќи секогаш од познатото кон непознатото, од блиското кон далечното, од просто кон сложено, од полесно кон потешко, од суштинско кон апстрактно, со што строго се почитувало „златното правило“ во педагогијата.

Преку аналитичко-методската постапка - синтеза е опфатено најсуштинското што треба да го содржи еден ракопис „Методика на наставата по природа и наставата по општество“, а преку генерализирање текстот е прочистен до тој степен што на студентот му овозможува сам да донесува и изведува конкретни судови и заклучоци или пак, како иден наставник, самостојно да доаѓа до нови сознанија и идеи кои непосредно ќе ги усвои како знаења и ќе ги примени во наставната практика низ различни форми на работа.

Во ракописот за учебник многу значајно место им се дава на дидактичките принципи: **активност, економичност, научност, нагледност, постапност, приспособеност, систематичност, современост, трајност** и други. Со дефинирањето на дидактичките принципи и нивната примена при реализирање на содржините во наставата по природа и општество, доаѓа до заемна корелациона врска со педагогијата, при што усвојувањето на нови знаења кај студентите се одвива низ еден полесен и систематичен процес. Низ ваков пристап и постапка на работа што го примениле Цацков и Јованова се постигнува **динамичност, трајност и ефикасност** на знаењата кај студентите и идни наставници што е императив на современата настава по природа и општество, но и на педагогијата и дидактиката (како дел од неа) кои одат по нагорна линија, нови сознанија и совршенство.

Авторите на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“, многу значајно место им посветиле на наставните методи и наставните форми на работа и ги вградиле во целост во ракописот со познатата нивна тежина и ширина што е добро, позитивно и оправдано, бидејќи од методските постапки и форми многу ќе значи и зависи

како сегашниот студент, а иден наставник, ќе се вклучи во воспитно-образовниот процес за да може да внесе доволно вештина и разнообразност при реализација на наставните содржини не само во наставата по природа и општество, туку и кај другите наставни предмети.

Во ракописот значаен простор им е даден **на планирањето на наставата, дополнителната работа, додатната, слободните ученички активности и наставните средства**. Тоа е особено значајно за студентите, а идни наставници, на лесен и едноставен начин да ги усвојуваат знаењата и да ги бараат  и откриваат причинско-последичните врски, да ја согледуваат низата од поими и нивното заемно поврзување.

Значајно место и простор во ракописот за учебник им е посветен и на **екскурзијата** како значајна форма на работа**, картографската писменост, еколошкото и здравствено воспитување,** како и на други содржини. Тие се посебно значајни за студентот, а иден наставник, да знае дека ученикот е **визуелен тип кој најмногу помни наставни содржини кога нешто гледа, слуша, опипува и работи**.

- Ракописот ги задоволува барањата на потребната стручна и научна заснованост на содржините од програмата и не содржи отстапки од истата.
- Во ракописот за учебник се дава акцент на осознавањето на општите законитости и изградување на граѓанска свест, како и врз изградувањето на научни знаења за интелектуалниот развој на студентите.
- Поттикнува на различни видови на учења, од рецептивно и мисловно, па сè до учење по пат на истражување.
- Обезбедува потребна корелација на содржините со сродни и други наставни предмети, како што се: **Историјата, Географијата, Биологијата, Ликовното и Физичко образование, Педагогијата, Психологијата, Социологијата** и др.
- Текстовите во ракописот за учебник се концизни, јасни, прецизни и уверливи, а терминологијата што се користи е доследна на современите научни и технички достигнувања и стандарди.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Мое мислење е дека се работи за еден исклучителен ракопис подготвен за печатење, кој е така компониран и тематски-методолошки фундиран, што според сите елементи со публикувањето ќе претставува учебник со високи дострели од областа за која е наменет.
2. Земено во целина, авторите многу студиозно ги обработуваат темите во ракописот, давајќи им приоритет на оние содржини кои имаат примарни, секундарни и терцијални вредности во наставата по природа и општество. Во единици со имиња на многу познати автори од нашата земја, како и од бившите југословенски републики.
3. Од темите и наставните содржини во ракописот може да се заклучи дека авторите поседуваат мошне солидна методско-дидактичка и педагошко-психолошка подготвеност, бидејќи поседуваат осет да го акцентираат најсуштественото што треба да го содржи еден учебник и да го знае еден студент.
4. Во ракописот е присутна корелацијата со повеќе наставни предмети, што е добро и позитивно, бидејќи помага за полесно сознавање и појаснување на просторот во животна средина, набљудуван и проучуван и од други природни и општествени науки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот за учебник „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од цитираните автори ги исполнува сите услови и критериуми на современ труд анализиран од методско-дидактички и педагошко-психолошки аспект кој со задоволство ќе го користат не само студентите, туку и наставниците од одделенска настава. Истиот позитивно го оценувам и му предлагам на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го прифати ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ и овозможи да биде отпечатен во учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Павловски, редовен професор, с.р.**